Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 септември 2021 година**

**Скопје, септември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 септември 2021 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Маја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања .

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Марко Бислимовски, претседател не Регулаторна комисија за енергетика.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записник од 103-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.8.2021 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година**

1. Записник од Педесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 27 септември 2021 година

2. Информација во врска со состојбата со снабдувањето со електрична енергија на одредени потрошувачи

3. Годишна сметка за 2020 година, Годишен извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година и Финансиски извештај за 2020 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлуки

4. Правилник за специфичните критериуми и барања за чистота на адитивите што можат да бидат содржани во храната, со Предлог-одлука

5. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар

6. Информација за потребите од обезбедување на полициска асистенција при изградбата на магистралните гасоводи

7. Информација за потреба од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука

8. Известување од Управата за финансиска полиција по Заклучок од 65-та седница на Владата, одржана на 13.4.2021 година, во врска со потребата од обезбедување деловен простор за Управата

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за установите

10. Предлог на закон за финансиска стабилност

11. Информација до Владата на Република Северна Македонија за препораките од Првата годишна конференција на Министерството за финансии „Економското заздравување и раст после ковид", одржана на 6-7 септември 2021 година

12. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог-решение

13. Информација за состојбата на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври" - Еурокомпозит АД Прилеп и потребата од итни активности за обезбедување на објектот

14. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за Спогодба за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со Нацрт-текст на Спогодба

15. Информација за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини

16. Информација за текот на процесот на апликацијата за Националните франкофонски иницијативи (НФИ) за периодот 2019-2022 година од Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен Договор за субвенција за НФИ за 2021 година со Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен Договор за соработка за реализација на програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2021" со Францускиот институт во Скопје и со усогласен Договор за обезбедување на услуги склучен во согласност со Договорот за субвенција за 2021 година во рамки на програмата „Националните франкофонски иницијативи 2019-2022" потпишан со Меѓународната организација на франкофонијата, за спроведување на програмата P01 - „Промоција и влијание на францускиот јазик за целите на интеграција и развој"

17. Предлог на Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) и Акцискиот план 2021-2023 за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија

18. Предлог на стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025) и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025)

19. Информација за доставување на проекти за основање на нова единица „Факултет за дентална медицина" и Висока медицинска школа при Меѓународен балкански универзитет во Скопје согласно Законот за високото образование*, доставени од Меѓународен балкански универзитет во Скопје, со Предлог-одлуки

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, поднесен од група пратеници

21. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7073 за КО Радовиш, на КП бр.4173, Викано место/улица Маршал Тито

22. Понуда од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46236, за КО Карпош, на КП бр.542/1

23. Кадровски прашања

24. Прашања и предлози

25. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Државната изборна комисија (Сметка за редовно работење)

26. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

27. Информација по однос на преземените активности во врска со забелешките дадени во Извештајот од независниот ревизор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

28. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот Изработка на урбанистички план за економско зона со откупно-дистрибутивен центар на површината од 15 хектари на КП.БР.1076 м.в. Орман КО с.Турново

29. Информација за донесена Стратегија за развој на ИКТ на Царинската управа (2021-2025)

30. Информација за донесување на План за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031 година

31. Информација за постапување на Министерството за здравство по Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19“ (согласно заклучок на Владата на Република Северна Македонија број 40-6640/1 од 17.8.2021 година), со дополнување

32. Информација за барањето од Организацијата на Северноатланскиот договор до Република Северна Македонија за медицинска поддршка на операцијата „Allied Solace“

33. Информација за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат - регионален пат Р1404, делница: Робово (врска со А4)-Муртино-Банско-Куклиш (врска со Р1401) и изменета траса на регионален пат Р1402 делница Банско (врска со Р1404)-Ново Коњарево (врска со А4), по барање и предлог на Општина Струмица)

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

35. Информација за изнаоѓање на Предлог-решение за јакнење на капацитетите и специјализација на судии од Управен суд

36. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори по доставено барање од адвокатската куќа McDermot Will & Emery ( филијала Франкфурт) за давање на согласност за ангажирање на стручно лице-вештак во ad hoc инвестициската арбитражна постапка број PCA 2019-09 покрената од страна на Блажо Тасев како тужител против Република Северна Македонија како тужена страна.

37. Информација за постапката за денационализација на објектите во состав на Споменичката целина Стара скопска чаршија

38. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена и бр.104 Габровска Река

39. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година

40. Информација за потребата од склучување на новиот усогласен текст на Амандманот бр.1 на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави – САД, со усогласен текст на Амандманот

41. Информација за Полугодишен извештај за реализација на Годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција.

*
*   *

**Владата без забелешки го усвои Записникот од 103-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24.8.2021 година**

*
*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, врз основа на Барањето на Министерството за правда да се измени и дополни и тоа:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, да се достави, најдоцна до 27 декември 2021 година;
- Предлог-закон за правда на децата, да се достави, најдоцна до 25 октомври 2021 година.

Истовремено се предлага:

- Предлог-закон за облигациони односи, Предлог-закон за наследување и Предлог-закон за сопственост и други стварни права, првично предвидени во Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година, да бидат изоставени од истата и да бидат предвидени во Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година, односно да бидат доставени во владина постапка, најдоцна до истекот на првиот квартал од 2022 година.

Согласно овој заклучок соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 27 септември 2021 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата со снабдувањето со електрична енергија на одредени потрошувачи и притоа го донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите државни институции кај кои снабдувачот со електрична енергија ги откажал договорите за снабдување или им побарал повисока цена да ги раскинат договорите, да ја активираат банкарската гаранција и да преминат на снабдувач на електрична енергија во краен случај, односно кај универзалниот снабдувач со електрична енергија доколку во последните две пресметковни години имаат помалку од 50 вработени и имаат вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност и врз основа на тоа да се обратат до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со цел да добијат очекувана просечна цена за снабдување со електрична енергија и за истото да обезбедат повеќе средства во своите буџети бидејќи се очекува голем пораст на цената на електричната енергија на слободниот пазар.

2. Се задолжуваат потрошувачите на електрична енергија коишто се снабдуваат од снабдувачот со електрична енергија во краен случај подолго од 90 дена, веднаш да пристапат кон постапка за избор на снабдувач со електрична енергија на слободниот пазар на електрична енергија.

## Точка 3

Владата по Годишната сметка за 2020 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О., за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година и Финансискиот извештај за 2020 година, со Ревизорски извештај, со дополнувањето и Предлог-одлуки, ги донесе:

1. Најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О. за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О. за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по Правилникот за специфичните критериуми и барања за чистота на адитивите што можат да бидат содржани во храната ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за специфичните критериуми и барања за чистота на адитивите што можат да бидат содржани во храната (*), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го донесе новиот текст на Уредбата изменување на Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребите од обезбедување на полициска асистенција при изградбата на магистралните гасоводи, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 8

Владата го одложи од разгледување Известувањето од Управата за финансиска полиција доставено под бр.05-2223/1 од 13.9.2021 година, по Заклучок од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.4.2021 година, во врска со потребата од обезбедување на деловен простор за Управата, за наредна седница на Владата.

## Точка 9

Владата го разгледа Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за установите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-закон за финансиска стабилност (*) го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за препораките од Првата годишна конференција на Министерството за финансии „Економското заздравување и раст после КОВИД-19", одржана на 6-7 септември 2021 година, ја усвои Информацијата и ги задолжи министерствата и другите буџетски корисници при подготовка на Буџетот за 2022 година и ресорните политики, да ги имаат предвид препораките дадени во текстот на Информацијата.

**Точка 12**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври-Еурокомпозит АД Прилеп" и потребата од итни активности за обезбедување на објектот, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи-ОВР Прилеп да продолжи физички да го обезбедува објектот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп", без надомест, се до трајно решавање на статусот на Друштвото.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за Спогодба за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со Нацрт-текст на Спогодба (новите текстови) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во предметниот предлог.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Спогодбата за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст, односно парафираниот текст на Спогодба за дополнување на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Ги разгледа и прифати Препораките за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини, доставени како Прилог 1 од оваа информација.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје како носител на реализацијата на проектот обезбедување на бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини на локации од интерес за туристи од страна на телекомуникациски оператори:

- до крајот на 2021 година во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија и локалните самоуправи да подготви и достави предлог Листа на локации за обезбедување бесплатен државен WiFi за цела територија на државата, за добивање согласност од Владата, согласно Препораките за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини.

- до крајот на април 2022 година, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Националната канцеларија за бродбенд компетентност и Агенцијата за електронски комуникации да одржи јавни состаноци со заинтересираните оператори и локалните самоуправи за реализацијата на обезбедувањето бесплатен безжичен WiFi на одобрените локации од интерес за туристите, а кои не се наоѓаат во бели зони.

- до крајот на јуни 2022 година да ги достави до Владата за добивање на согласност добиените предлози од јавните состаноци со вклучените образложенија особено за: почетните технички карактеристики на бесплатните WiFi точки, бројот на WiFi точки за секоја локација, бројот на оператори, временската рамка за реализација, очекуваниот вкупен годишен буџет, итн.

- по добивање на согласноста од Владата на доставените предлози со вклучени образложенија, особено за почетните технички карактеристики на бесплатните WiFi точки, бројот на WiFi точки за секоја локација, бројот на оператори, временската рамка за реализација, очекуваниот вкупен годишен буџет, итн., да распише јавна набавка за избор на еден или повеќе оператори за обезбедување бесплатен безжичен WiFi на одобрените локации од интерес за туристите, и согласно Препораките да склучи Договор(и) со истите.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на процесот на апликацијата за Националните франкофонски иницијатива (НФИ) за периодот 2019-2022 година од Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен Договор за субвенција за НФИ за 2021 година со Меѓународната организација на франкофонијата, со усогласен Договор за соработка за реализација на програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2021“ со Францускиот институт во Скопје и со усогласен Договор за обезбедување на услуги склучен во согласност со Договорот за субвенција за 2021 година во рамки на програмата „Националните франкофонски иницијативи 2019 – 2022“ потпишан со Меѓународната организација на франкофонијата, за спроведување на Програмата P01 - „Промоција и влијание на францускиот јазик за целите на интеграција и развој" и ја разгледа со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за субвенција за НФИ за 2021 година помеѓу Меѓународната организација на франкофонијата и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

2. Се овластува доц. д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Договорот за субвенција за НФИ за 2021 година помеѓу Меѓународната организација на франкофонијата и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

3. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка за реализација на програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2021“ помеѓу Францускиот институт во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

4. Се овластува доц. д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Договорот за соработка за реализација на програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2021“ помеѓу Францускиот институт во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

5. Го прифати усогласениот текст на Договорот за обезбедување на услуги склучен помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во согласност со Договорот за субвенција за 2021 година во рамки на програмата „Националните франкофонски иницијативи 2019 – 2022“ потпишан со Меѓународната организација на франкофонијата, за спроведување на програмата P01 - „Промоција и влијание на францускиот јазик за целите на интеграција и развој".

6. Се овластува доц. д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација да го потпише Договорот за обезбедување на услуги склучен помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

7. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на мај 2022 година, да ја информираат Владата за спроведувањето на четиригодишниот програмски циклус за програмата „Националните франкофонски иницијативи (НФИ) 2019-2022“ и исходот од апликацијата на Република Северна Македонија за нов четиригодишен програмски циклус за учество во оваа програма на Меѓународната организација на франкофонијата.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да побара продолжување на времетраењето на договорот без дополнителни трошоци (no cost extension).

**Точка 17**

Владата ги разгледа најновиот текст на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027), со Акцискиот план 2021-2023 за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, ја усвои и го прифати новиот текст на Акцискиот план 2021-2023 година за имплементација на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија (2021-2027) во Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2021 година-2025 година) и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2021 година–2025 година), ја усвои Стратегијата и го прифати Акцискиот план.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на проекти за основање на нова единица „Факултет за дентална медицина“ и Висока медицинска школа при приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје согласно Законот за високото образование*, доставени од Меѓународен балкански универзитет во Скопје, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на Факултет за дентална медицина при приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје, во предложениот текст и

2. Новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на Висока медицинска школа при приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, поднесен од група пратеници.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7073 за КО Радовиш, на КП бр.4173, Викано место/улица Маршал Тито и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 22

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анастасија Петреска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46236, за КО Карпош, на КП бр.542/1 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 23

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 24

1. Владата го разгледа и го прифати Барањето доставено од Општина Крушево за престанување на важење на задолженијата од заклучокот од т.11 од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 март 2016 година, под број 03-1051/2 од 17.9.2021 година.

2. Владата го разгледа Барањето за измена на заклучок по т.84 од Нацрт-записникот од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 септември 2021 година, доставен од Министерството за одбрана, го прифати Барањето и заклучи:

- Се задолжуваат Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи и д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, имајќи ги предвид неодамнешните состојби со пожарите, да подготват и во рок од 30 дена до Владата да достават Информација со конкретни мерки за зголемување на функционалноста и ефикасноста на системите за управување со кризи и заштита и спасување.

3. Владата на предлог на доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, заклучи од 1 октомври 2021 година КОВИД центарот за имунизација на населението отворен во малата сала во А1 арената во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, да престане со работа, а процесот на имунизација на населението согласно Националниот план за КОВИД вакцинација во Република Северна Македонија да се одвива во постоечките пунктови за вакцинирање.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 септември 2021 година до 22 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 18 септември 2021 година до 24 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври“-Ден на народното востание, го разгледа Сценариото со Предлог-заклучоци и ги донесе предложените заклучоци, со заклучок истите дополнително да се усогласат.

**Точка 25**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Државната изборна комисија (Сметка за редовно работење), како материјал за информирање.

Истовремено, се препорачува на Државната изборна комисија да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2019 година на Државната изборна комисија и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 26**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии, согласно крајниот негативен финансиски резултат, со напомена дека во анализираниот период, состојбата на вкупно неизмирените обврски на претпријатието изнесува 1.183.679.032,00 денари, додека состојбата на ненаплатени побарувања изнесува 167.004.359,00 денари.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на преземените активности во врска со забелешките дадени во Извештајот од независниот ревизор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Изработка на урбанистички план за економско зона со откупно-дистрибутивен центар на површината од 15 хектари на КП бр.1076 м.в. Орман КО с.Турново, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид мислењата на Агенцијата за планирање на просторот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за донесената нова Стратегија за развој на ИКТ на Царинската управа (2021-2025), со Стратегија за развој, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на План за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на Министерството за здравство по Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Добивање на нефинансиска помош, распределба и користење од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19“, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за Барањето од Организацијата на Северноатлантскиот договор до Република Северна Македонија за медицинска поддршка на операцијата „Allied Solace“ и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш да ја извести Организацијата на Северноатлантскиот договор за позитивниот став на Владата на Република Северна Македонија во однос на Барањето за медицинска поддршка на операцијата „Allied Solace“ и да продолжи со комуникацијата со надлежните институции на Организацијата на Северноатлантскиот договор за прецизирање на деталите поврзани со нивните побарувања.

2. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш да организира работен состанок со Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за финансии за координирање на активностите и протокот на информации и известувања поврзани со најавите за влез, влез, движење, престој и лечење во Република Северна Македонија на авганистанското население опфатени со операцијата „Allied Solace“ и нивните НАТО придружници, откако Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за финансии ќе предложат лица за контакт.

3. Се задолжува Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за финансии во рок од 3 дена да одредат лица за контакт и во рамки на своите надлежности да преземат мерки за брз проток на информации и олеснети процедури за влез и движење на територијата на Република Северна Македонија за припадниците на НАТО и авганистанското население опфатени со операцијата „Allied Solace“, лекување во јавните здравствени установи во земјата по потреба и даночно олеснување на услугите кои подлежат на плаќање во согласност со Договорот за статусот на силите и Меморандумот за разбирање за поддршка од земја домаќин.

4. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата на Република Северна Македонија за преземените активности и статусот на реализација на побарувањето на Организацијата на Северноатлантскиот договор најдоцна до 31.10.2021 година.

**<u>Точка 33</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта (определување на државен пат-регионален пат Р1404, делница: Робово (врска со А4)-Муртино-Банско-Куклиш (врска со Р1401) и изменета траса на регионален пат Р1402 делница Банско (врска со Р1404)-Ново Коњарево (врска со А4), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на државните патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 34</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на предлог решение за јакнење на капацитетите и специјализација на судии од Управен суд, ја усвои Информацијата и се укажува на Академијата за судии и јавни обвинители дека е потребно во своите програми за континуирана обука на судии од Управен суд кои постапуваат само по предмети од конкретните специјализирани области, да утврди обуки за темите поврзани со државна помош, конкуренција, антитрустови, јавни набавки и интелектуална сопственост и за истото да ги извести Министерството за правда и Владата во рок не подолг од три месеци.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори по доставено барање од адвокатската куќа McDermot Will & Emery (филијала Франкфурт) за давање на согласност за ангажирање на стручно лице-вештак во ad hoc инвестициската арбитражна постапка број PCA 2019-09 покрената од страна на Блажо Тасев како тужител, против Република Северна Македонија како тужена страна и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласнот на барањето на адвокатската куќа McDermot, Will & Emery (филијала Франкфурт) за ангажирање на стручно лице – вештак, Дејан Костовски, за прашања поврзани со анализа на Законот за стечај.

2. Го овласти Фатмир Бетиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од три дена да ја извести адвокатката куќа McDermot, Will & Emery (филијала Франкфурт) за дадената согласност за ангажирање на стручното лице – Дејан Костовски.

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за постапката за денационализација на објектите во состав на Споменичката целина Стара скопска чаршија.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена и бр.104 Габровска Река и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13, став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 12.2.2022 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.277 Воденешница ќе се продолжи најмалку до 12.3.2022 година.

3. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ до 15.2.2022 година.

4. Се задолжува Министерството за економија, во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.123 Крива Река.

5. Се задолжува Министерството за економија, да побара од концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи најмалку до 15.3.2022 година.

6. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ дека за локацијата бр.407 р.Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 31.12.2021 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

7. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.477 р.Пена ќе се продолжи најмалку до 31.1.2022 година.

8. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 2.12.2021 година.

9. Се задолжува Министерството за економија, во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 8 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

10. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 2.1.2022 година.

11. Се задолжува Министерството за економија да достави барање до Општина Струмица за статусот на поденесните барања на концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на на новиот усогласен текст на Амандман број еден на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави – САД, со усогласен текст на Амандман, и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласениот текст на Амандманот број еден на Договорот за грант за партнерство за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојна цел 1: зајакната економска конкурентност; развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството и развојна цел 3: намалена корупција.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише новиот усогласен текст на Амандманот број еден на Договорот за грант за партнерство за партнерство за развој помеѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави за развојна цел 1: зајакната економска конкурентност; развојна цел 2: зголемен придонес на младите во општеството и развојна цел 3: намалена корупција.

3. Заклучоците од Сто и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.9.2021 година, кои се однесуваат на Точка 96: Информација за потребата од склучување на Амандман број еден на Договорот за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави – САД, престануваат да важат.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, со усогласен текст на Полугодишен извештај, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr Artan Grubi**